# Како до лиценца ?

Институтот на сметководители и овластени сметководители согласно Законот за вршење сметководствени работи и Статутот на правните субјекти кои вршат сметководствени работи им издава лиценца за работа и ги запишува во регистрите за работа на трговец поединец-сметководител, трговец поединец-овластен сметководител и друштво за вршење сметководствени работи.

Сите правни лица кои имаат вработено овластени сметководители и сметководители кои се запишани во соодветните регистри за физички лица можат да достават документација за стекнување со лиценца и упис во регистар до Институтот, како би можеле да вршат дејност во согласност со Законот.

***За стекнување лиценца за работа до Институтот се поднесува:***

- барање на пропишан образец, достапен на веб страницата на Институтот и на Министерството за финансии за стекнување лиценца за правни лица заверено од страна на правното лице
- барање на пропишан образец, достапен на веб страницата на Институтот и на Министерството за финансии за упис во регистар на правни лица заверено од страна на правното лице

***Кон барањата задолжително се приложуваат следните документи:***

- список на лица вработени како сметководители и овластени сметководители со регистарски број под кој се запишани во соодветниот регистар кај Институтот, заверено од страна на правното лице
- доказ за годишно осигурување од штета при вршење на професионална дејност (сметководствени работи), и тоа:

а) за трговец поединец-сметководител на износ од минимум 2.000 евра во денарска противвредност по штетен настан,

б) за трговец поединец-овластен сметководител на износ од минимум 5.000 евра во денарска противвредност по штетен настан и

в) за друштво за вршење сметководствени работи на износ од минимум 20.000 евра во денарска противвредност по штетен настан и

- доказ за уплатен надоместок (еднократен) за издавање лиценца за работа.

а) за трговецот поединец-сметководител 2.000,00 денари

б) за трговецот поединец-овластен сметководител 3.000,00 денари

в) за друштвото за вршење сметководствени работи 6.000,00 денари

Документите се доставуваат во оригинал или во копија заверена на нотар, во архивата на Институтот.

По службена должност Институтот ги добавува од Централниот регистар на Република Македонија со цел упис во регистар на правните лица:

- Решение за упис во Трговскиот регистар кај Централниот регистар на Република Македонија
- Потврда од Централен регистар на Република Македонија дека не е евидентиран во Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење на одделна дејност
- Потврда од Централниот регистар на Република Македонија дека не е евидентиран во Регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица кај Централниот регистар на Република Македонија, по службена должност да ги добавува од Централниот регистар на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

***Институт за сметководители и овластени сметководители***

***Адреса: Ѓуро Стругар бр.5 (зграда Технометал Вардар) кат 1, локал 132/133***

***Жиро сметка: 380177109305138,***

***Деподент: Прокредит Банка***